Република Северна Македонија

Агенција за примена на јазикот на РСМ

Republika e Maqedonisë së Veriut

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së

# Административна терминологија низ дијалог



# Terminologjia administrative nëpërmjet dialogut

2021

Агенција за катастар на недвижности

Управа за јавни приходи

Централен регистар

Фонд за пензиско и инвалидско осигурување

Агенција за вработување

Фонд за здравствено осигурување

Основен суд

Јавна здравствена установа

Управа за водење на матичните книги

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Единица на локална самоуправа

Министерство за внатрешни работи

Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive

Drejtoria e të Hyrave Publike

Regjistri Qendror

Fondi i Sigurimit Pensional dhe Invalidor

Agjencia e Punësimit

Fondi i Sigurimit Shëndetësor

Gjykata Themelore

Institucioni i Shëndetit Publik

Drejtoria e Udhëheqjes së Librave Amzë

Ministria e Bujqësisë, e Pylltarisë dhe e Ekonomisë së Ujërave

Njësia e Vetëqeverisjes Lokale

Ministria e Punëve të Brendshme

# Агенција за катастар на недвижности
# Agjencia e Kadastrës së Patundshmërive




## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Добар ден, ве молам за информација.

**Службеник:** Повелете.

**Странка:** Би сакал/а да ве прашам за следното: по завршување на постапката за легализација на бесправно изграден објект, кои документи се потребни за негово запишување во катастарот на недвижности?

**Службеник:** Потребно е да се достави пријава за запишување со што ќе приложите и правосилно решение за легализација, урбанистичка согласност и геодетски елаборат за легализација на објектот.

**Странка:** Ви благодарам.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Каде можам да добијам информации за постапката за приватизација на земјиште?

**Службеник:** Информации во врска со постапката за приватизација на градежно земјиште можете да добиете во Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии.

# Управа за јавни приходи
# Drejtoria e të Hyrave Publike




## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Како може да се користи услугата „Мобилен даночен шалтер“?

**Службеник:** Услугата „Мобилен даночен шалтер“, овозможува ние да дојдеме кај вас, наместо вие кај нас. Со специјално опремените комбиња како даночни канцеларии, даночниците ги посетуваат населените места каде што УЈП нема постојани даночни канцеларии, како и локации што дополнително може да се утврдат во соработка со општините и потребите на локалното население и бизниси. Граѓаните и фирмите, без да го напуштат своето место на живеење/седиште, може да ги добијат сите даночни услуги и информации, да ги доставаат сите видови даночни пријави и можност за избор на начинот на достава на даночните документи што ги издава Управата за јавни приходи (на пример, преку пошта, лично со избор на даночната канцеларија, е-пошта).

**Странка:** Каде може да се најде возниот ред на услугата?

**Службеник:** Возниот ред на мобилните даночни шалтери се објавува секој месец на веб-страницата на Контакт-центарот на УЈП www.____________________________ .

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Како можам да закажам средба со даночен агент?

**Службеник:** За сите даночни обврзници што сакаат да закажат средба за консултации од даночната област, УЈП ја овозможува услугата „Закажи средба“ што претставува електронски систем за закажување на термин за остварување средба

со даночни агенти во Контакт-центарот на УЈП. Закажувањето на средба се врши со повикување на Инфо-центарот на УЈП на бројот и он-лајн преку веб-страницата на Контакт-центарот на УЈП ______________ .

# Централен регистар
# Regjistri Qendror











## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Добро утро, дали може да ми помогнете?

**Службеник:** Повелете, како можам да ви помогнам?

**Странка:** Потребна ми е информација како се врши регистрација во системот за електронско поднесување на годишни сметки?

**Службеник:** На веб-страницата на Централниот регистар, во Регистарот на годишни сметки, се оди во „Поднеси годишна сметка online“. Лозинката што странката ќе ја креира сама, понатаму ќе ја користи како лозинка при најавување во системот за електронско поднесување годишни сметки.

**Странка**: Ви благодарам, доколку имам проблем со регистрацијата, ќе ве побарам повторно.

**Службеник:** Секако, ви стоиме на располагање.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Извинете, на кој начин би можел/а да испратам предлог во врска со услугите што ги нудите?

**Службеник:** Вашиот предлог или сугестија во врска со услугите што ги нуди нашата институција може да ги испратите на следната електронска адреса _______ .

**Странка:** Во ред, Ви благодарам, ќе ви испратам свој предлог за подобрување на корисничкото искуство на електронската адреса што ми ја посочивте.

# Фонд за пензиско и инвалидско осигурување
# Fondi i Sigurimit Pensional dhe Invalidor

ФПИОСМ FSPIMV FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT



## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Се извинувам, каде можам да се обратам за информација?

**Службеник:** Почитуван/а, ќе ве одведам до шалтерот за информации.

**Странка:** Добар ден. Ве молам за информација со која пријава се врши пријавување на распоредување работник на работно место на кое стажот на осигурување се смета со зголемено траење?

**Службеник:** Почитуван/а, пријавување на работник распореден на работно место на кое стажот на осигурување се смета со зголемено траење се врши со пријава тип ___ . Оваа пријава во хартиен облик треба да ја доставите во подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во местото каде што ви е утврдено својството на осигуреник.

**Странка:** Дали може да добијам образец од пријавата?

**Службеник:** Повелете.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Како можам да пријавам ново правно лице-деловен субјект?

**Службеник:** Согласно прописите, пријавување, односно регистрација на нов обврзник се врши преку Централниот регистар. Обврзникот, исто така, се регистрира и во Фондот на ПИОМ, каде што се приложува решението за регистрација од Централниот регистар. Соодветната пријава со која се врши регистрацијата, се спроведува во подрачните единици на Фондот на ПИОМ.

# Агенција за вработување
# Agjencia e Punësimit





## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Дали е тоа шалтерот за одјавување на работници?
**Службеник:** Да, како можеме да Ви помогнеме?

**Странка:** Потребен ми е формулар – овластување на овластено лице со список на лица што ги одјавува од работен однос поради деловни причини (технолошки вишок). Дали би можеле да ми обезбедите примерок од формуларот?

**Службеник:** Само момент, веднаш ќе добиете примерок.

**Странка:** Ви благодарам.

**Дијалог 2**
**Dialogu 2**

**Странка:** Ве молам да ми објасните колку лица можам да пријавам на образецот – Овластување на овластено лице со список на лица што ги пријавува во работен однос?

**Службеник:** На образецот можете да пријавите максимум ____ лица.

**Странка:** А ако е потребно да пријавам повеќе лица од дозволениот максимум?

**Службеник:** За повеќе од дозволениот максимум се пополнува нов образец.

**Странка:** Сега ми е јасно, Ви благодарам, многу ми помогнавте.

## Фонд за здравствено осигурување
## Fondi i Sigurimit Shëndetësor




**Дијалог 1**
**Dialogu 1**

**Странка:** Добро утро, ве молам кои документи ми се потребни за докажување на статусот на неосигурено лице во здравствено осигурување?

**Службеник:** Повелете, пополнете го барањето. Заедно со барањето, доставете го на шалтер 3 и приложете важечки доказ за идентификација (лична карта или патна исправа).

**Странка:** А дали можам изготвениот документ да го добијам по пошта или мора лично да го подигнам?

**Службеник:** Можете да одберете една од двете опции.

**Странка:** Одлично, во тој случај ќе ја изберам опцијата документот да ми се испрати по пошта.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Како осигурено лице, до кој процент учествувам во трошоците за лекување?

**Службеник:** Осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови, но најмногу до ___% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга, односно лековите. За здравствените услуги за одобрено лекување во странство, осигуреното лице учествува со ____% од вкупните трошоци. Осигурените лица учествуваат до ___% од утврдената цена на протезите, ортопедските и други помагала и санитетски средства, изработени од стандарден материјал.

**Странка:** А на кој начин можам подетаљно да се информирам за моите права од здравствено осигурување?

**Службеник:** Можете да дојдете лично во надлежната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување, да се јавите на бесплатниот телефонски број _____________ секој работен ден од ____ часот до ____ часот или да ја посетите веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување_______________ .

**Странка:** Ви благодарам за помошта.

# Основен суд
# Gjykata Themelore




## Дијалог 1
## Dialogu 1

**Странка:** Ве молам да ми дадете образец-молба за издавање потврда дека не ми е одземено родителското право.

**Службеник:** Повелете со мене на шалтерот за граѓански работи.

**Странка:** Ви благодарам, а дали ќе ме известите штом ќе биде изготвена потврдата?

**Службеник:** Веднаш штом ќе биде изготвена, ќе Ве контактираме.

**Странка:** Благодарам, Ви посакувам убав ден.

**Службеник:** Пријатен ден.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Кои документи ми се потребни за издавање уверение за неосудуваност?

**Службеник:** Почитуван/а, потребно е да доставите пополнето/пополнета барање/молба на стандардизиран образец, копија од важечки документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа) и доказ за платена судска такса (уплатница).

**Странка:** Дали може да добијам примерок од барањето/молбата и податоци за да извршам уплата на судската такса?

**Службеник:** Повелете примерок од барањето/молбата и потребни податоци за уплата.

## Јавна здравствена установа
## Institucioni i Shëndetit Publik






### Дијалог 1
### Dialogu 1

**Странка:** Здраво, ве молам за насока каде се наоѓа Одделението за трансфузиологија?

**Службеник:** На вистинско место сте, ова е одделението за трансфузиологија.

**Странка:** Одлично, се интересирам дали може доброволно да дарувам крв?

**Службеник:** За да станете крводарител треба да бидете здрав и да сте на возраст од 18 до 65 години.

Странка: Дали е потребно да се пополни некаков документ?

Службеник: Се разбира, пред дарувањето потребно е да пополните прашалник за дарител на крв. Прашањата се однесуваат на вашето здравје, прележани болести и животни навики.

**Странка:** А што следи потоа?

**Службеник:** Потоа следува разговор со лекарот што го разгледува прашалникот што сте го пополниле, Ви мери крвен притисок и ја слуша работата на вашето срце. Доколку лекарот даде согласност, се пристапува кон актот на дарување крв што се изведува во лежечка положба. Исто така, ќе бидете регистирани во електронскиот регистар на крводарители и ќе добиете легитимација на доброволен дарител на крв.

Странка: Ви благодарам за исцрпниот одговор.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

**Странка:** Добар ден. Би сакал/а да се информирам кога има слободни термини за компјутерска томографија на екстремитет?

**Службеник:** Госпоѓо/господине, обратете се кај вашиот матичен лекар заради закажување термин преку електронскиот систем „Мој термин“. Штом ќе Ви биде закажан термин, здравствената услуга ќе ви биде обезбедена.

**Странка:** Во ред, Ви благодарам.

# Управа за водење на матичните книги
# Drejtoria e Udhëheqjes së Librave Amzë







## Дијалог 1
## Dialogu 1

Странка: Добро утро. Имам прашање до вас.

Службеник: Секако, повелете г-дине/г-ѓо.

Странка: Кои документи ми се потребни за упис на новороденче и издавање извод од матична книга на родени?

Службеник: Г-дине/г-ѓо. за упис на новородче и издавање на извод од матична книга на родени потребни Ви се следниве документи :

- копија од лична карта (или патна исправа) од родителите и оригинал за проверка
- извод од Матична книга на венчани од родителите (датумот на издавање да не е постар од _________)
- барање за издавање извод од Матична книга на родени за новороденче
- ___ денари административна такса (уплатница)
- уплата од ___ денари на жиро-сметката на Управата за водење на матичните книги (Уплатница)

Странка: Ви благодарам за услугата.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

Странка: Се извинувам, може ли да ми помогнете?

Службеник: Добар ден, како можам да ви помогнам?

Странка: Ми треба информација за пријавување брак што е склучен во странство, кои документи се потребни во постапката?

Службеник: За конкретната намена потребно е да ги приложите следните документи:

- лична карта или патна исправа (за идентификација)
- извод од Матична книга на венчани
- барање за запишување на бракот
- ___ денари административна такса

Ви напоменувам дека барањето за извод се поднесува лично или со полномошно заверено на нотар.

Странка: Ви благодарам, ќе Ви ги доставам сите потребни документи.

## Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
## Ministria e Bujqësisë, e Pylltarisë dhe e Ekonomisë së Ujërave








### Дијалог 1
### Dialogu 1

Странка: Добар ден.

Службеник: Добар ден, повелете.

Странка: Каде може да ја најдам базата на прашања за полагање испит за стопански риболов и за рибочувар?

Службеник: Базата на прашања за полагање испит за стопански риболов и за рибочувар може да ја најдете на веб-страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или можете да се обратите во Одделението за рибарство и аквакултура при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Странка: Ви благодарам за информацијата.

### Дијалог 2
### Dialogu 2

Странка: Добро утро.

Службеник: Добро утро, како можам да ви помогнам?

Странка: Би сакал/а да прашам кој го објавува јавниот повик за поднесување барања за субвенции преку Програмата за капитални субвенции, а наменети за финансирање на инвестиции за реконструкција и пробивање на пристапни патишта до земјоделско земјиште.

Службеник: Јавниот повик за поднесување барања за субвенции преку Програмата за капитални субвенции, а наменети за финансирање на инвестиции за реконструкција и пробивање на пристапни патишта до земјоделско земјиште го објавува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Единица на локална самоуправа
## Njësia e Vetëqeverisjes Lokale

ОПШТИНА ЧАИР
KOMUNA ÇAIR



### Дијалог 1
### Dialogu 1

Странка: Дали е ова шалтерот за информации?

Службеник: Да, повелете.

Странка: Како можам да аплицирам за добивање одобрение за градење?

Службеник: Аплицирањето се врши преку информацискиот систем Е-Одобрение за градење.

Странка: Дали можам преку тој систем да аплицирам и за друг вид одобрение?

Службеник: Да, преку овој систем можете да поднесете барања и за следното:

- Барање за издавање на одобрение за градење, доградба и надградба
- Барање за измени во текот на изградбата
- Барање за промена на инвеститор
- Барање за издавање на одобрение за употреба на градба
- Барање за издавање на одобрение за реконструкција
- Барање за издавање на одобрение за пренамена
- Барање за издавање на одобрение за адаптација

- Барање за одобрение за подготвителни работи
- Барање за одобрување на идеен проект
- Барање за издавање на решение за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење.

Странка: Кои се предностите на овој систем?

Службеник: Информацискиот систем овозможува водење на постапките во сите нејзини фази единствено по електронски пат, започнувајќи од електронско поднесување и потпишување на потребната документација од страна на инвеститорот, електронска подготовка и донесување на актите во постапката, електронско известување и обезбедување потребни податоци и документација од други вклучени субјекти и електронско издавање на актите во постапката.
За секоја фаза во која се наоѓа Вашиот предмет, ќе бидете едновремено известени преку автоматски и независен систем на достава на електронска пошта и известување испратено преку автоматскиот сервис за кратки пораки (SMS).

Странка: Ве молам да ме информирате како можам да пристапам кон системот?

Службеник: На системот може да пристапите преку следната веб-страница www.___________________ .

## Дијалог 2
## Dialogu 2

Странка: Добро утро, дали сте зафатени?

Службеник: Не, повелете господине/госпоѓо.

Странка: Не сум сигурен/сигурна кои документи треба да ги приложам кон барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект?

Службеник: Потребните документи што треба да ги приложите кон барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти се наведени во самото барање. Повелете примерок од барањето.

Странка: Ви благодарам.

# Министерство за внатрешни работи
# Ministria e Punëve të Brendshme







## Дијалог 1
## Dialogu 1

Странка: Добар ден. Сакам да ја обновам возачката дозвола бидејќи е истечена.

Службеник: Дозволете да ве информирам дека замената на возачката дозвола поради изминатата важност се врши преку телефонско закажување на бројот ____________ или да ја користите услугата за електронско закажување за лични документи преку веб-страницата www.______________________ .

Странка: А дали е потребно да ја приложам старата возачка дозвола на увид?

Службеник: Да, тоа е потребно. Ќе Ви дадам информатор кои документи Ви се потребни за замена на возачката дозвола.

Странка: Одлично, навистина ми помогнавте.

## Дијалог 2
## Dialogu 2

Странка: Ќерка ми има 13 години и вчера ја изгубила патната исправа. Ве молам да ми кажете како може да извадам нова патна исправа за ќерката.

Службеник Г-ѓо/г-дине, постапката започнува преку телефонско закажување на бројот ___________ или да ја користите услугата за електронско закажување за лични документи преку веб-страницата www.____________________ .

Странка: Како старател на детето, кои документи ќе треба да ги приложам во постапката за издавање нова патна исправа?

Службеник: Повелете листа со сите потребни документи.

Странка: Ви благодарам, а колку време ќе треба да чекаме за патната исправа?

Службеник: Стандардниот рок за доставување е ____ дена.

Република Северна Македонија

**Агенција за примена на јазикот на РСМ**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së**